РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0204-808/1
05.04. 2021 год.
СКОПЈЕ

# *ИЗВЕШТАЈ*

## *за работење за период јануари – декември 2020 година*

Во деловната 2020 год. РЖ УСЛУГИ АД Скопје има остварено вкупно приходи од 165.404.422,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 164.198.953,00 ден. Останатите приходи изнесуваат 1.205.469,00 денари. Вкупно остварените оперативни приходи од 164.198.953,00 денари за 2020 година претставуваат намалување од 13,631% во однос на остварените оперативни приходи во 2019 година (190.414.081,00 денари).

| | ***ИЗНОС 2019*** | ***ИЗНОС 2020*** |
|---|---|---|
| *ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ* | 19.020.411,00 | 13.943.783,00 |
| *ПРОИЗВОДСТВО, РЕЦИРКУЛАЦИЈА И ТЕРМИЧКА ОБРАБОТКА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ* | 143.311.703,00 | 123.447.096,00 |
| *НАДОМ. ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ И ПРИРОДЕН ГАС* | 6.753.219,00 | 5.657.510,00 |
| *УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД. НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА* | 16.971.755,00 | 16.829.845,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 495.456,00 | 443,472,000 |
| *ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗРЕВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ* | 2.081.948,00 | 3.217,506,00 |
| *ОСТАНАТИ УСЛУГИ* | 168.738,00 | 725.201,00 |
| *ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС* | 1.610.851,00 | 279,051,00 |
| ***ВКУПНО*** | **190.414.081,00** | **164.198.953,00** |

Во делот на услугите со кои сме директно поврзани со работење на погоните во нашето потесно опкружување, приходите од дистрибуција на хигиенска вода се намалени за 26,6904% во однос на 2019 година, приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води се намалени за 13,861% во однос на 2019 година и приходите од надоместокот за користење на цевоводната мрежа се намалени за 16,225% во однос на 2019 година.

Кај приходите намалувањето се должи на локалните и глобалните ограничувања наметнати поради светската здравствена криза. Ограничувањата негативно се одразија на

обемот на нашето работење како и на работење на погоните во потесното опкружување со кои имаме континуирана деловна соработка.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, евидентно е намалување кај обезбедување и ПП заштита од 0.85%, намалување кај продажбата на ТНГ од 82,667%, поради реконструкција на објектите за прием и продажба на течен нафтен гас, намалување кај телекомуникациските услуги од 10.492%, зголемување кај закуп на деловен простор од 54.543%. Зголемувањето е резултат на зглемен обем на користени услуги од страна на правните субјекти со кои соработува РЖ УСЛУГИ АД Скопје во 2020 година.

## *Останати приходи*

Во останати приходи најголем дел е приходи по Решенија за присилно извршување и наплата на судски трошоци . Кај финансиските приходи има зголемување во однос на 2019 година.

| | *ИЗНОС* |
|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ* | 1.205.469,00 |
| *ПРИХОДИ ОД КАМАТИ* | |
| *ВКУПНО* | 1.205.469,00 |
| | *ИЗНОС* |
| *ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ)* | 165.404.422,00 |
| *ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД* | 13.783.701,00 |

| *ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ПРИХОДИ* | | *ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО* |
|---|---|---|
| 2019 | 104 | 2.480,90 евра |
| 2020 | 90 | 2.472,13евра |

Вкупните расходи во 2020 година изнесуваат 168.700.674,00 ден.

Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 153.748.896,00 ден.

## *Структура на расходи*

| | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| *ПОТРОШЕНИ, МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР* | 4.523.333,00 | 3.403.832,00 |
| *ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА, НАФТА И БЕНЗИН)* | 33.250.903,00 | 28.451.050,00 |
| *СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА* | 61.923.134,00 | 37.718.083,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 642.021,00 | 659.806,00 |
| *ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ* | 1.521.518,00 | 1.525.355,00 |
| *АМОРТИЗАЦИЈА* | 18.283.098,00 | 18.841.568,00 |
| *БРУТО ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИ* | 42.704.218,00 | 37.850.359,00 |
| *НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ПО КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР* | 2.142.580,00 | 1.670.191,00 |
| *ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ* | 197.683,00 | 3.230,00 |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ | 1.963.188,00 | 1.435.438,00 |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ПРОПАГАНДА И РЕКЛАМА | 179.680,00 | 194.685,00 |
| БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ | 155.024,00 | 141.797,00 |
| ДАНОЦИ И ТАКСИ | 1.121.830,00 | 1.815.405,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ (НАБАВНА ВРЕДНОСТ) | 1.516.603,00 | 236.603,00 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 13,350,799.00 | 19.801.494,00 |
| **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **185.474.182,00** | **153.748.896,00** |

Вкупните оперативни расходи се намалени во однос на 2019 година за 17,105%. Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од производство, термичка обработка и рециркулација на технолошки води за производните погони во Железара, односно кај трошоците за материјали и резервни делови евидентирано е намалување за 24,749%во однос на минатата година , трошокот за

електрична енергија е намален за 14,435%, намален е трошокот за снабдување со вода за 39,089%

Трошоците за тековно одржување се зголемени за 0,25%. Намалување има во трошоците за вработени како резултат на намален број на вработени и намалени трошоци за бруто плата и останати надоместоци од работен однос (просечен број на вработени 104 во 2019 и 90 во 2020 година) и намалени останати пресметани надоместоци од работен однос ( испратнина за технолошки вишок , отпремнина за пензија и регрес). Во 2020 имаме поголем број на заминати работници на кои им е престанат работниот однос по еден од двата наведени основи за престанок, кај регресот со оглед на отежнати услови за работа и потешкотии во финансиското работење, согласно донесените измени во колективниот договор пресметан е трошок за регрес во износ помал од просечна нето плата по работник во РМ. Кај трошоците за вработените намалувањето изнесува 11,366% во однос на минатата година. Од останатите расходи зголемување имаме кај телекомуникациските услуги со 2,77%, и намалување кај трошокот за набавка на продадениот плин во 2020 година за 84,399% .

| | *2019* | *2020* |
|---|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ РАСХОДИ* | 9.001.548,00 | 8.816.276,00 |
| *РАСХОДИ ОД КАМАТА* | 2.603.124,00 | 6.124.381,00 |
| *ВКУПНО* | 11.604.672,00 | 14.951.709,00 |

Останатите расходи на износ од 8.816.276,00,00 денари се трошоци од минати години, трошоци согласно И.бр.996/2019 засновани на извршна исправа ОДУ бр.420/13 од нотар Пулејкова Зорица против РЖ Услуги АД и ГЕТ ДОО Скопје.

Трошоците за камати на износ од 6,135,433,00 ден. се однесуваат на пресметани камати, камати по користени краткорочни кредити по основ на реструктуирање на задолжувањето, камати од тековното работење со доверители. Вкупните трошоци за камата се зголемени за 135,695% во однос на 2019 година .

## *Побарувања и обврски со 31.12.2020 година*

На 31.12.2020 година РЖ УСЛУГИ АД има ненаплатени побарувања на износ од 38.491.626,00 денари кои се во валутен рок како и ненаплатени побарувања за кои се водат судски постапки или се во извршна постапка во износ од 237.486.068,00 денари

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2020 година изнесува 88,2% не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2020 година од фирми за

кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2020 год. изнесува 8.454.981,00 денари а тоа се тековни обврски кои ги има друштвото и кои се во валутен рок. Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2020 година изнесува 97,45%.

Друштвото ја одржува тековната ликвидност во текот на годината и ги сервисира тековните обврски по сите основи према добавувачи, вработени, државата и по кредитни задолжувања од изминатиот период. Тоа се должи на навременото сервисирање на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања. Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година, за кои се водат спорови и истите се одвиваат во долги постапки.

Готовинскиот прилив на парични средства кои друштвото ги заработува од неговите редовни активности се користи за регулирање на оперативните расходи во тековното работење. Во 2020 година има инвестициски вложувања во делот на технички постројки, опрема, инвентар и постојани средства кои изнесуваат 12.003.169,00 денари.

Во однос на задолжувањата на друштвото споредено со 2020 година нема значителни промени , во однос на 2019 година.

***Финансиски резултат во работење за 2020 година***

**РЖ УСЛУГИ АД** во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја заврши деловната година со оперативна загуба од 3,296.252,00 денари. Со пресметани финансиски расходи и приходи за 2020 година РЖ УСЛУГИ во своето севкупно работење искажа загуба од 6.914.862,00денари .

*РЖ УСЛУГИ АД Скопје*

*Директор*

*Јован Гечески*

Рудници и Железарница „УСЛУГИ" Акционерско друштво Скопје